АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 29.03.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1803 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 март 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2016 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 53 став 2** (*прикриено рекламирање*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во „Pastel", говорна – шоу програма со забавна медиумска функција, емитуван е новинарски прилог во кој преку разговор со Мелина Милеска, сопственичка на „Силуете – центар за убавина", и вербално и графички (слика/текст), се промовира услужната дејност, техничката и стоковната опременост на приватен комерцијален субјект. Со таков новинарски пристап - целината на прилогот добива функција на комерцијална презентација, односно се смета за вид – *прикриено рекламирање*.

**2 март 2016 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Pastel" – реприза; прилог за „*Силуете – центар за убавина*"; | 01:16:07 | 01:24:28 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, на 2 март 2016 година, емитуваше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21– М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост,

делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*